Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 06.07.2024

На 05.07.2024 во 21.30 часот во Кочани, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода А.Ј.(26) од Кочани, затоа што при претрес во неговиот дом извршен со судска наредба, кај него биле пронајдени и одземени марихуана, бела прашкаста материја и пари. По целосно расчистување на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 06.07.2024 во 02.35 часот во СВР Охрид се лишени од слобода В.Н.(25) и А.Т.(22), двајцата од Скопје. При преглед кај нив била пронајдена марихуана, а при претрес извршен по добиена судска наредба во камп приколка во Охрид, што ја користел А.Т., полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана, грендер и други предмети со остатоци од марихуана. По целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (06.07.2024) во 01.55 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Д.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.07.2024 во 08.06 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода С.Р.(56) од Битола. При извршена пасошка контрола и проверки во оперативната евиденција било констатирано дека за него е издадена мерка „апси", по барање од СВР Охрид, врз основа на од Основен суд Охрид. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.07.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 125 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 11 санкции, 12 мерки за користење на мобилен телефон при управување возило, пет мерки за некористење на сигурносен појас, 12 санкции за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикл...

На 05.07.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Партизански одреди" во Скопје, С.А.(49) во Скопје, управувајќи мопед „веспа спринт" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.07.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на регионалниот пат Скопје-Куманово, во атар на с.Арачиново, скопско, мотоцикл „кимко", управуван од Б.С. (22) од с.Арачиново, излетал надвор од коловозот. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

Во 20.35ч. во СВР Тетово е пријавено дека на ул.„Штипска", едно лице кое било со возило „мерцедес" пукало кон возило „бмв" во кое било лицето со иницијали Р.Т.(39), кое од добиените повреди починало. Полициски службеници од СВР Тетово преземаат интензивни мерки и активности за расчистување на случајот.

На 05.07.2024 во 21.10 часот во Полициската станица Свети Николе, било пријавено дека на ул.„Септемвриска" во Свети Николе се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", управувано од П.О.(23) и мотоцикл „шинера", управуван од малолетничка, двајцата од Свети Николе, а двете возила со светониколски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Свети Николе.

На 05.07.2024 во 15.00 часот во ОВР Кичево е пријавено дека Б.К.(36) од кичевското село Србица на улицата „Рудничка" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 05.07.2024 во 09.10 часот во Полициската станица Свети Николе, од Итната медицинска помош Свети Николе било пријавено дека кај нив дошол И.А.(44) од Свети Николе кој, според пријавеното, се здобил со повреди при работа со трактор. Тој бил пренесен во Клиничката болница Штип, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Полициски службеници од ОВР Свети Николе излегле на местото на настанот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ф.С.(22) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 14.08.2023 кај трговски центар на бул.„Партизански одреди", при извршен преглед над пријавениот, била пронајдена марихуана.

На 05.07.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, М.П.(40) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходни недоразбирања, Е.К. му упатувал закани кон него и неговото семејство. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2024 во 22.24 часот во СВР Скопје 41-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 19.20 часот, во домот на подрачјето на општина Аеродром, била физички нападната од нејзиниот сопруг Д.Б.(41). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (06.07.2024) во 03.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 02.20 часот во кругот на Меѓународен аеродром Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.К.(39) од с. Петровец, скопско и Ш.Б.(54) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.07.2024 во 14.35 часот во ОВР Крушево било пријавено дека во 13.45 часот во Итна медицинска помош Крушево бил донесен германскиот државјанин Ф.Е., со повреди здобиени при летање со параглајдер. Тој бил пренесен во Градска болница во Прилеп, каде му биле констатирани тешки телесни повреди.

Денеска (06.07.2024) во 07.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Л.(37) и М.С.(46), двајцата од Скопје, во која бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Б.Т.(54) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и распрскувачки материи". На 06.09.2023 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени 33 патрони за ловечка пушка калибар 16 мм и ловечка пушка калибар 16 мм.

На 05.07.2024 во 10.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл сопственост на МВР, управуван од полициски службеник и товарно возило „фолксваген кеди" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Ј., кој го напуштил местото на незгодата. Во незгодата полицискиот службеник се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Свети Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 05.07.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, Ќ.Х.(88) од Скопје пријавил дека на 03.07.2024 околу 14.00 часот на подрачјето на Центар, во близина на банка, едно женско лице од џебот му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2024 во 22.00 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека околу 11.00 часот во Свети Николе, Г.Т.(46) бил физички нападнат од Р.П.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2024 во 21.05 часот во ОВР Неготино било пријавено дека во дворот од семејната куќа на Ф.Д.(22) од Неготино, додека тој и В.Р.(24) од село Тимјаник, неготинско, сервисирале камионска гума, дошло до експлозија на гумата, при што двајцата се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Кавадарци. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Неготино.

Денеска (06.07.2024) во 08.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Р.(35) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот брат А.Р.(28). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Д.(35) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 05.11.2023 на место викано „Смоларска раскрсница", кај пријавениот била пронајдена и одземена марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет